# 4.10. Потпрограма за докторски студии по Меѓународно право

## 1 Опис на компетенциите за потпрограмата за докторски студии по Меѓународно право

Основната причина за запишување на студентите на потпрограмата Меѓународно право епотребата за заокружување на знаењета за меѓународното право.Меѓународното право отсекогаш било еден од најинтересните научни области на правотопоради неколку причини.
Студентите на докторските студии по меѓународно право ќе добијат можност да гиоформат своите знаења од поширокатa област на меѓународното право (меѓународнотојавно право и меѓународното приватно право) во рамките на Универзитетот „Св. Кирил иМетодиј„ во Скопје. Овие докторски студии ќе претставуваат содржинска надоградба назнаењето на студентите од вториот цуклус на последипломските студии по меѓународноправо.
Програмата од областа на меѓународното право е со широк спектар на примена во ситеделови на нашето општество и пошироко. Создадена да во неа се пронајдат голем број настуденти кои имаат афинитети за продлабочено истражување и љубопитство кое гинадминува границите на просечноста и станува нивен животен избор.Досегашната пракса покажа дека во сегментот на меѓународното право своето место гонаоѓаат најхрабрите студенти кои не се плашат да имаат сопствено мислење и став.
Потврда за ова е големиот број на доктори по меѓународно право кои претставуваат делод нашата државна,амбасадорска и академска елита.Овој модул нуди нови содржини и комбинирање на теоријата и практиката, стекнувањепрактични знаења и вештини, обука од меѓународното јавно право и меѓународнотоприватно право.
Во проширувањето на сегметот на знаења и вештини и пратење на модерните текови на меѓународното право на студентите на целиот Универзитет „св. Кирил и Методиј“ како изборни предмети од листата на други предмети од обуката за истражување (прв семестар) се предлагаат следните предмети:

1. Малцински и други групни права (4 кредити)
2. Право на слобода на изразување (4 кредити)
3. Меѓународно арбитражно право (4 кредити)
4. Меѓународно приватно право на интелектуална сопственост (4 кредити)
5. Право на внатрешен пазар на Европската унија (4 кредити)
6. Дипломатско и конзуларно право (4 кредити)
7. Меѓународни организации (4 кредити)
8. Право на Европска унија за заштита на животната средина (4 кредити)
9. Заедничка надворешна и безбедосна политика на Европската унија(4 кредити)
10. Меѓународни политички односи (4 кредити)

## 2 Листа на наставници

Наставници кои се носители на потпрограмата по меѓународно право во рамките настудиската програма право се:

1. Проф.д-р Поликсена Гавроска, редовен професор

2. Проф.д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, редовен професор
3. Проф.д-р Сашо Георгиевски , редовен професор
4. Проф.д-р Татјана Петрушевска, редовен професор
5. Проф.д-р Ванчо Узунов, редовен професор
6. Проф.д-р Тони Дескоски, редовен професор
7. Доц.д-р Александар Стојков, вонреден професор
8. Доц.д-р Елена Михајлова-Стратилати, доцент*
9. Доц.д-р Јулија Брсакоска Безеркоска, доцент
10. Доц.д-р Илина Ценевска, доцент.

Други соработници:

1. д-р Вангел Доковски, доцент
2.асс. м-р Илија Руменов, асистент
3. м-р Љупчо Стојковски

## 3 Структура на студиската потпрограма

| **Прв семестар** | |
|---|---|
| **1. Методологија на научноистражувачката работа со примена и примери во подрачјето на правните науки** | 4 кредити |
| **2. Научноистражувачка етика со примена и примери во подрачјето на правните науки** | 4 кредити |
| **3. Изборен предмет од листата на други предмети од обуката за истражување** | 4 кредити |
| **4. Меѓународно јавно право** | 9 кредити |
| **5. Меѓународно приватно право** | 9 кредити |
| **Вкупно** | 30 кредити |

| **Втор семестар** | |
|---|---|
| **1. Изборен предмет од полето, областа и од потесната област на истражување** | 4 кредити |
| **2. Изборен предмет од полето, областа и од потесната област на истражување** | 4 кредити |
| **3. Изборен предмет од полето, областа и од потесната област на истражување** | 4 кредити |

* Во завршна фаза од избор во вонреден професор

| | |
|---|---|
| **4. Докторски семинар** | 2 кредити |
| **5. Годишна конференција со презентација на извештај** | 2 кредити |
| **6. Истражување (за подготовка на темата за доктоска дисертација)** | 14 кредити |
| **Вкупно** | 30 кредити |

| **Трет семестар** | |
|---|---|
| **1. Истражување (подготовка и поднесување на пријавата за темата за докторската дисертација)** | 28 кредити |
| **2. Докторски семинар со поднесување труд за рецензија** | 2 кредити |
| **Вкупно** | 30 кредити |

| **Четврт семестар** | |
|---|---|
| **1. Истражување и објавување резултати** | 25 кредити |
| **2. Годишна конференција со презентација на рецензираниот труд од трет семестар** | 2 кредити |
| **3. Работилница за истражувачка практика** | 3 кредити |
| **Вкупно** | 30 кредити |

| **Петти семестар** | |
|---|---|
| **1. Истражување и објавување резултати** | 28 кредити |
| **2. Докторски семинар со поднесување труд за рецензија** | 2 кредити |
| **Вкупно** | 30 кредити |

| **Шести семестар семестар** | |
|---|---|
| **1. Истражување и пишување на тезата** | 25 кредити |
| **2. Годишна конференција со презентација на рецензираниот труд од петти семестар** | 2 кредити |
| **3. Работилница за истражувачка практика** | 3 кредити |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | 30 кредити |

## 4 Предмети на потпрограмата

1. Задолжителни предмети од полето областа и од потесната област на истражување:

1. Меѓународно јавно право (9 кредити)
2. Меѓународно приватно право (9 кредити)

2. Изборни предмети од листата на други предмети од обуката за истражување (прв семестар):

1. Малцински и други групни права (4 кредити)
2. Право на слобода на изразување (4 кредити)
3. Меѓународно арбитражно право (4 кредити)
4. Меѓународно приватно право на интелектуална сопственост (4 кредити)
5. Право на внатрешен пазар на Европската унија (4 кредити)
6. Дипломатско и конзуларно право (4 кредити)
7. Меѓународни организации (4 кредити)
8. Право на Европска унија за заштита на животната средина (4 кредити)
9. Заедничка надворешна и безбедосна политика на Европската унија (4 кредити)
10. Меѓународни политички односи (4 кредити)

3. Изборен предмет од полето, областа и од потесната област на истражување (втор семестар):

1. Меѓународно право за правата на човекот (4 кредити)
2. Меѓународни организации (4 кредити)
3. Меѓународно хуманитарно право (4 кредити)
4. Дипломатско и конзуларно право (4 кредити)
5. Меѓународно економско право (4 кредити)
6. Егзекватура на странски судски одлуки (4 кредити)
7. Меѓународно арбитражно право (4 кредити)
8. Меѓународно приватно право за заштитата на децата (4 кредити)
9. Судир на законите кај семејните и наследните односи (4 кредити)
10. Меѓународен тероризам (4 кредити)
11. Пророгациони спогодби во правото на Европската унија и во меѓународните инструменти (4 кредити)
12. Меѓународно приватно право на ЕУ (4 кредити)
13. Меѓународни политички односи (4 кредити)
14. Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија (4 кредити)
15. Малцински и други групни права (4 кредити)
16. Мирно решавање на споровите (4 кредити)
17. Говорот на омраза и делата од омраза во меѓународното право (4 кредити)
18. Меѓународно приватно право на интелектуална сопственост (4 кредити)

# 5 Предметни програми од студиската потпрограма по меѓународно право (силабуси на предмети)

## *5.1 Задолжителни предмети од полето областа и од потесната област на истражување:*

1. МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО (9 КРЕДИТИ)

| **Прилог 3.** | **Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Меѓународно јавно право** |
| 2. | Код | **50806** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за меѓународно право и меѓународни односи** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **прв семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **9 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф.д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски**<br>**Проф. д-р Сашо Георгиевски**<br>**Проф. д-р Татјана Петрушевска**<br>**Доц. д-р Елена Михајлова-Стратилати** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | / |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Со завршувањето на овој предмет, се очекува студентот - најмалку - да биде оспособен да ја познава суштината и опсегот на меѓународното јавно право; да знае каде и како да ги пронајде меѓународно-правните норми; да ги толкува и применува овие норми; да има увид во основните вредности, институции и постапки врз кои што се темели меѓународното право, што би му овозможило понатамошно продлабочено изучување на посебните |

| | | |
|---|---|---|
| | | меѓународно-правни дисциплини. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Предметот Меѓународно јавно право е структуриран така што на студентот ќе му овозможи стекнување на базични, но суштински познавања на основните категории на оваа класична правна дисциплина. При тоа, меѓународното право се изучува во неговата динамичка димензија, а не како прост "збир на норми" со кои се уредени односите помеѓу државите и останатите субјекти, што претпоставува разбирање на сложените политички и други процеси кои доведуваат до создавање на правните норми и вредносно-ориентиран пристап кон анализата на важечките меѓународни норми.<br><br>Воведниот дел од предметот се бави со објаснување на меѓусебно поврзаните категории на меѓународната заедница, меѓународниот поредок и меѓународното право, со цел да се лоцира местото и улогата на последното во поширокиот контекст, како и со определување на правната природа и опфатот на меѓународното паво.<br><br>Во вториот дел се изучуваат: 1. субјектите на меѓународното право, 2. основните принципи со кои се уредени меѓународните односи (суверена еднаквост на државите; имунитети и други ограничувања на суверенитетот; не-мешање во внатрешните работи на државите; забрана за употреба на сила; обврската за мирно решавање на споровите; почитување на човековите права; самоопределување на народите).<br><br>Третиот дел е посветен на 3. процесот на создавање на меѓународното право, преку третирање на изворите на меѓународното право и толкувањето на ова право, а четвртиот - на 4. имплементацијата на меѓународното право.<br><br>Настрана од општиот дел, во рамките на предметот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Меѓународно јавно право, посебно се изучуваат некои специфични институти на меѓународното јавно право и/или релевантни меѓународни режими, како што се правилата околу интервенцијата и употребата на сила, Обединетите нации и нивната улога во современите меѓународни односи, природата и основните принципи на правото на Е.У., како специфичен регионален поредок итн. | | |
| 12 | Методи на учење | Предметната содржина ќе биде предавана низ современи методи за систематско и интегрално изучување на теоретските аспекти од специјализираната област. Материјата ќе биде продлабочено, критички и споредбено анализирана од студентите во интерактивен однос со нивните предавачи.<br><br>Во стекнувањето и утврдувањето на теоретското знаење студентите ќе работат во групи или индивидуално. Студентите непосредно ќе анализираат релевантни пресуди од Меѓународниот суд на правдата во Хаг, од каде ќе формулираат правни аргументи и ставови кои понатаму ќе бидат дискутирани и евалуирани.<br><br>Студентите ќе бидат активни и во истражувањето на проблематиката од теоретски и практичен аспект. Своите сознанија ќе ги презентираат пред групата, и истите ќе бидат предмет на пошироки дискусии. Ќе бидат поставени повисоки стандарди на истражувачката активност од кои се очекува постигнување на квалификувани сознанија и резултати, промислени и автентични на современиот интерес за материјата која се проучува. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување<br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест)(E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум)(D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет)(B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Литература | |
| | 22.1. | Задолжителна литература<br><br>- Фрчкоски, Љ.Д., Георгиевски, Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012;<br><br>- Ian Brownlie, Principles of Public International Law, Oxford University Press, 2008;<br><br>- International Law, Antionio Cassese, Oxford University Press, 2001 |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Harris, D.J., *Cases and Materials on International Law*, Sweet and Maxwell,London, 1998;<br>- International law, Malcolm N. Shaw, 6th edition, Cambridge University Press, 2008;<br>- Принципи на јавното меѓународно право(превод од Владата);<br>- Принципи на меѓународното право (превод од Владата) |
| | 22.2. | Дополнителна литература<br>- Политиката на меѓународно право(превод од Владата)<br>- Границите на меѓународното право (превод од Владата) |

## 2. МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО (9 КРЕДИТИ)

| **Прилог 3. Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Меѓународно приватно право** |
| 2 | Код | 50807 |
| 3. | Студиска програма | **Потпрограма за докторски студии по Меѓународно право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **УКИМ, Правен факултет "Јустинијан Први"** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус, задолжителен предмет** |
| 6. | Академска година / семестар | **1 (прв) семестар – докторски студии** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **9 (девет)** |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Поликсена Гавроска, редовен професор во пензија**<br>**Проф. д-р Тони Дескоски, редовен професор** |
| 9 | Предуслови за запишување на | **300 ЕКТС кредити** |

| | | |
|---|---|---|
| | предметот | |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Во современи услови на живот, појавата на приватноправни односи кои ги надминуваат границите на одделните правни системи во светот е секојдневие. Со појавувањето на странскиот елемент во еден граѓанскоправен и граѓанско процесноправен односи, се врши трансформација на односот, од чисто внатрешно правен (кој се регулира со материјалните и процесните норми на домашната држава), во однос кој треба да се регулира со специфичните норми на меѓународното приватно право. Предметната програма треба да обезбеди им на студентите сеопфатно запознавање со сите аспекти на меѓународното приватно право и тоа како од историско-правен, така и од позитивно-правен и компаративен аспект. На тој начин, студентите, по успешното завршување на предметната програма ќе можат самите теоретски да ги анализираат институтите и доктрините на меѓународното приватно право. Со тоа, ќе се создаде високообразовен кадар кој ќе придонесе во развојот на научната мисла на меѓународното приватно право. Секако, покрај теоретското изучување, предметната програма ќе им овозможи на студентите и продлабочување на апликативните вештини за правилна примена на нормите на меѓународното приватно право. Предметната програма ќе овозможи и можност за следење на настава на студентите и на странски високообразовни институции со оглед на прилагодеността на предметната програма со најновите тенденции во научната мисла за меѓународното приватно право. Потребата од исклучително високообразован кадар во делот на меѓународното приватно право особено е актуелна во земјите-членки на Европската Унија, со оглед на фактот од создавање на вистинско Меѓународно приватно право на Европската Унија. Студентите по успешно завршување на предметната програма, ќе можат рамноправно, со оглед на знаењето и вештините со кои ќе се стекнат, да се вклучат во пазарот на труд и тоа не само на домашниот, туку и на Европскиот пазар на труд. Успешното завршување на наставната програма по меѓународно приватно право несомнено и ќе придонесе кон создавање и на високообразован конзуларен кадар кој во својата суштина на работа ја има материјата на меѓународното приватно право. Исто така, студентите ќе се стекнат и со вештини на изработка на научни трудови од областа на меѓународното приватно право, а при тоа ќе се потикнува нивен аналитички пристап и аплицирање на меѓународни конференции на кои ќе можат да ги презентираат своите научни трудови. На тој начин, согласно индивидуалниот пристап кон научното оспособување на студентите, ќе се овозможи запознавање на студентите со доктрините и институтите на |

| | | |
|---|---|---|
| | | меѓународното приватно право, со што ќе се придонесе кон развој на меѓународното приватно право во Република Македонија. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Во ситуациите кога ќе се појави странски елеменет во еден граѓанскоправен и граѓанско процесноправен однос, меѓународното приватно право се повикува да даде одговор на основните прашања – дали судот на домашната држава е надлежен да постапува во конкретен случаи и кое право е меродавно за да се регулира граѓанскоправниот однос каде се појавил странскиот елемент. Причините за појавата на меѓународното приватно право лежат во фактот дека постојат разлики помеѓу правните системи со кои се регулираат секојдневните животни односи, потоа појавата на странски елемент во односите и прифаќање на ставот дека на односите кои се поврзани со странство, може да се примени и странско право, а не нужно домашното право. Влијанието на француската правна наука врз македонската научна мисла во доменот на меѓународното приватно право е несомнена и најдобро се огледува во прифаќање на поширокото сфаќање за определување на предметот на меѓународното приватно право. Така, денес во македонската научна мисла за меѓународно приватно право се смета дека предметот на меѓународното приватно право го сочинуваат судирот на законите, судирот на јурисдикциите, правната положба на старнците и државјанството. Согласно тоа, предметната програма меѓународно приватно право е составена од повеќе компоненти. За секоја од компонентите предвидено е изучување од историски, компаративен и позитивноправен аспект. Притоа, следните компоненти ќе бидат вовед во науката за меѓународното приватно право; филозофија на меѓународното приватно право; извори и методологија на меѓународното приватно право; државјанство, правна припадност на правните лица, домицил и вообичаено престојувалиште; правна положба на странците во Република Македонија; судир на законите (вовед); историски, компаративни и позитивноправни аспекти на проблемите во примената на колизионите норми (квалификација, renvoi, примена на материјално странско право); историски, компаративни и позитивноправни аспекти (јавен поредок, изигрување на законите, реторзија, клаузула за самоисклучување, норми со непосредна примена); историски, компаративни и позитивноправни аспекти на точките на врзување врз одделни случаи (точки на врзувањето кај статусните, стварноправните, договорните, вондоговорните, семејните, наследните и работните односи со странски елемент, точки на врзување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | за меницата и чекот, стечајот, облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај и формата на правните акти); меѓународна надлежност (директна, индиректна, општа, посебна, законски одредена, избрана, исклучива, прекумерна и реторзиона меѓународна надлежност); правна положба на странците пред судовите на Република Македонија; историски, компаративни и позитивноправни аспекти на меѓународната правна помош и легализација на странските јавни исправи; признавање и извршување на странски судски (и арбитражни) одлуки. | | | |
| 12 | Методи на учење | Предметната програма по меѓународно приватно правово ќе се реализира преку интерактивни предавања, семинари, присуство на конференции во странство; посета на државни органи и судови, консултации, анализа на случаи од меѓународното приватно право и студија на случај (mock case study). Методот на наставата треба да обезбеди активно вклучување на студентите во процесот на наставата и потикнување на нивното размислување. Студентите ќе добиваат конкретни задачи на кои ќе треба да работат и при тоа, од страна на предметниот професор ќе бидат упатувани на соодветната литература и прописи кои ќе треба да ги користат. Во текот на наставата, се очекува студентите самите да ги применуваат правилата на меѓународното приватно право врз дадени задачи, но и да присуствуваат на организираните посети. Посебно внимание ќе се посвети на оспособување на студентите аналитички да пристапуваат кон проблемите на меѓународното приватно право и нивно оспособување на научна работа и академско пишување на трудови од областа на меѓународното приватно право. | | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 (петнесет) недели | | | |
| 14 | Распределба на расположивотовреме | 12 (дванаесет) недели настава + 3 (три) недели консултации со студенти | | | |
| 15 | Форми на наставните активности | | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | | 15.2 | Вежби, семинари, тимска работа | |
| 16 | Други форми на активности | | 16.1. | Проектни задачи | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.2. | Самостојни задачи | |
| | | 16.3. | Домашно учење | |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | | 100 поени |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3. | Активност и учество | | |
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | Под 50 бодови | | 5 (пет) (F) |
| | | 51-60 бодови | | 6 (шест) (E) |
| | | 61-70 бодови | | 7 (седум) (D) |
| | | 71-80 бодови | | 8 (осум) (C) |
| | | 81-90 бодови | | 9 (девет) (B) |
| | | 91-100 бодови | | 10 десет (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | | Присуство и активност на предавање, посета на државни органи, судови, учество на конференција од областа на меѓународното приватно право и работа на симулација на случаи (mock case study) | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | Македонски јазик / Англиски јазик | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалуација од страна на студентите и самоевалуација | |

| 22. | Литература | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 22.1. | | Задолжителна литература | |
| | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | 1. | Поликсена Гавроска, Тони Дескоски | Меѓународно приватно право, основен универзитетски учебник | Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје / 2011 |
| | 2. | James Fawcett, Janeen M. Carruthers (Consultant Editor Peter North) | Чешир, Норт и Фосет МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО | Академски печат / 2010 |
| | 3. | Tibor Varadi, Bernadet Bordaš, Gašo Knežević, Vladimir Pavić | Međunarodno privatno pravo | Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Javno preduzeče “Službeni glasnik” / 2008 |
| | 4. | Brigss Adrian | The Conflict of Laws, Third Edition | Oxford University Press / 2013 |
| | 5. | Peter Stone | EU Private International Law **Second Edition** | Edward Elgar Publishing / 2012 |
| | 22.2. | | Дополнителна литература | |
| | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | 1. | Доминик Буро, Хорациа Муит Ват | Меѓународно приватно право, Прв том, Општ дел | Арс Ламина / 2011 |
| | 2. | Доминик Буро, Хорациа Муит Ват | Меѓународно приватно право, Втор том, Посебен дел | Арс Ламина / 2011 |
| | 3. | Lookofsky Jospeh & Ketilbjorn Hertz | European Union Private International Law in | JurisNet, LLC and DJOF Publishing / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Contract and Tort | 2009 |
| | | 4. | Geert Van Calster | European Private International Law | Hart Publishing / 2013 |
| | | 5. | Michael Bogdan; Ulf Maunsbach | EU Private International Law: An ECJ Casebook | Europa Law Publishing / 2012 |
| | | 6. | James Michael | Litigation with a Foreign aspect, a practical guide | Oxford University Press / 2005 |
| | | 7. | Joseph David | Jurisdiction and arbitration agreements and their enforcement | Sweet&Max well / 2005 |
| | | 8. | Vuković Đuro, Kunštek Eduard | Međunarodno građansko procesno pravo | Zgombić i partneri / 2005 |
| | | 9. | J. G. Collier | Conflict of Laws | Cambridge University Press / 2001 |
| | | 10. | John Pawley Bate | Notes on the Doctrine of Renvoi in Private International Law (Classic Reprint Series) | Forgotten Books / 2012 |

**5.2** Изборни предмети од листата на други предмети од обуката за истражување (прв семестар):

1. МАЛЦИНСКИ И ДРУГИ ГРУПНИ ПРАВА (4 КРЕДИТИ)

| **Прилог 3.** | **Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Малцински и други групни права** |
| 2. | Код | **50835** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за меѓународно право и меѓународни односи** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф.д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски**<br>**Доц. д-р Елена Михајлова** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Предметот има за базична цел да ги опреми студентите со референтни знаења за основните институти и инструменти (договори и практика) од областа на малцинските права.<br>Предметот е поставен на начин на кој ги комбинира теоретските знаења и дефиниции на поимите со анализа на нивните формулации во меѓународните договори и обичај, сето тоа анализирано од аспект на практиката на меѓународните судови.<br>Од ваквиот пристап очекувањето е:<br>-студентите да стекнат познавање на научната теоретска експликација на основните поими и инструменти со кои се служи меѓународното право за правата на човекот во |

| | | |
|---|---|---|
| | | областа на малцинските и другите групни права, како и нивната хронологија на развој и заснованост во политичката филозофија и јуриспруденција;<br><br>- во најмала можна мера увид во сите актуелни политички и правни расправи за одделни правни категории, особено односот: индивидуални и колективни права, право на културен идентитет, третманот на дискриминацијата и афирмативните акции;<br><br>- студентите да се стекнат со референтни знаења во областа, и да се оспособат самостојно да ги анализираат меѓународните инструменти за заштита на малцинските и другите групни права; случаите на кршење на овие човекови права; да се оспособат да пишуваат рапорти/извештаи за рано предупредување (warning reports); да можат како експерти да партиципираат во бројните невладини и владини организации во земјата и во странство за промоција и заштита на малцинските права. |
| 11 | Содржина на предметната програма | За успешно следење на предметот Малцински и други групни права би било неопходно елементарно предзнаење од предметот Меѓународно право за правата на човекот, бидејќи е дел од тоа право. Колективните малцински права, како дел од целокупниот систем на човекови права, посебно се развиваат во контекстот на развој на правото на културен идентитет и имаат димензија на процут и во транзициските земји и во земјите на развиените демократии. Акцентот е посебно ставен на балансот меѓу индивидуалните и колективните права во перспектива на техниките на меѓукултурна евалуација и создавањето на нова теорија на либерална правда.<br><br>Структурата на предметот е составена од воведен дел кој ја скицира општата рамка на малцинската заштита и истакнува определени аспекти кои ќе бидат елаборирани во последователните поглавја. Првиот дел накратко го приложува историскиот развој на заштитата на малцинствата. Во вториот дел се обработува концептот на |

| | | |
|---|---|---|
| | | малцинство и неговите дефиниции на меѓународно и европско ниво, дефинициите за домородни народи и имигрантски права како дел од групните права. Третиот дел е посветен на конкретните индивидуални човекови права кои се особено релевантни за заштита на малцинствата и меѓународната и европската јуриспруденција во таа смисла. Во овој дел правото на идентитет е поврзано со системот на малцинска заштита.<br><br>Конечно, во последните делови се анализирани другите групни права како и трендовите на развој на меѓународното право за правата на човекот во оваа област. |
| 12 | Методи на учење | Предметната содржина ќе биде предавана низ современи методи за систематско и интегрално изучување на теоретските аспекти од специјализираната област. Материјата ќе биде продлабочено, критички и споредбено анализирана од студентите во интерактивен однос со нивните предавачи.<br><br>Во стекнувањето и утврдувањето на теоретското знаење студентите ќе работат во групи или индивидуално. Студентите непосредно ќе анализираат релевантни пресуди од Европскиот суд за човекови права во Стразбур, ќе имаат задачи за утврдувањето на фактичката состојба на дадени случаи на повреда на малцинските права, од каде ќе формулираат правни аргументи и ставови кои понатаму ќе бидат дискутирани и евалуирани. Критичкиот и компетентен став ќе го изградат и преку учество во решавање на симулирани случаи на повреда на правата низ доминантните процедури за заштита на овие човекови права.<br><br>Студентите ќе бидат активни и во истражувањето на проблематиката на национално и меѓународно ниво од теоретски и практичен аспект. Своите сознанија ќе ги презентираат пред групата, и истите ќе бидат предмет на пошироки дискусии. Ќе бидат поставени повисоки стандарди на истражувачката активност од кои се очекува постигнување на квалификувани сознанија и резултати, промислени и автентични на современиот интерес за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | материјата која се проучува. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување<br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест)(E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум)(D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет)(B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| 21 | Метод на следење на квалитетот | евалуација од страна на студентите |

| | | |
|---|---|---|
| | на наставата | |
| 22. | Литература | |
| | 22.1. | Задолжителна литература<br><br>- Bhikhu Parekh, Rethinking Multiculturalism, Cultural Diversity and Political Theory, Harvard University Press, CambridgeMassachusetts, 2000;<br>- Kymlicka Will: *Multicultural Citizenship,* Oxford, Claredon Press, 1998.<br><br>- Ian Shapiro, Will Kymlicka: *Ethnicity and Group rights*, NOMOS XXXIX, New York University Press, 2000.<br><br>- Charles Taylor: *Multiculturalism and the Politics of recognition,* Princeton University Press, 1992;<br><br>- Љубомир Данаилов Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, трето издание, Магор, Скопје, 2012;<br><br>- Европска конвенција за човекови права (превод од Влада)<br><br>- Право на европската конвенција за човекови права (превод од Влада)<br><br>- Европското и меѓународното право за правата на човекот (превод од Влада) |
| | 22.2. | Дополнителна литература<br><br>- International Human Rights in Context: Law, Politics, Moral: Text and Materials, Steiner H.J., Alston P., second edition, Oxford, 2000<br><br>- Javaid Rehman: *International Human Rights Law, A practical Approach*, Pearson Education , England, 2003;<br><br>- Љубомир Д. Фрчкоски: *Преговарање во конфликти на идентитети,* Темплум, Скопје, 2007;<br><br>- Gray, John, *Two Faces of Liberalism*, The New Press, 2000 |
| | | |

## 2. ПРАВО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ (4 КРЕДИТИ)

| **Прилог 3.** | **Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Право на слобода на изразување** |
| 2. | Код | **50835** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за меѓународно право и меѓународни односи** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **втор семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф.д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски**<br>**Доц. д-р Елена Михајлова** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Целта на предметот Слобода на изразување е да се објаснат структурата на правото,категориите на изразување и начинот на кој правото може да се ограничи, но под услови пропишани во правото и неопходни за демократското општество. Целта е исто така да се анализираат начините на кои државата се меша во ова право и како судовите (национални и меѓународни) ја пресудуваат легитимноста на тоа мешање и ја штитат легитимноста на слободата на изразување. Целта е секако, студентите јасно да ја разберат суштествената заснованост на слободата на изразување за одбраната на индивидуализмот и вкупноста на човековите права и нејзината клучна улога во демократското уредување.<br>Со усвојувањето на сознанијата на оваа предметна програма, студентите ќе можат:<br>• да ја разберат појмовната определеност, значењето и содржината на слободата на изразување;<br>• да се запознаат со правните начини со кои може да се ограничи слободата на изразување;<br>• да вршат лоцирање и рефлексивност на |

| | | |
|---|---|---|
| | | општествено-историската контекстуалност на слободата на изразување;<br>• да се оспособат за препознавање на говор на омраза. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Правото на слобода на изразување спаѓа во основните права низ кои човековата индивидуа се самореализира и тоа го дефинира политичкиот контекст на демократското уредување. Тоа е право од најстарата (прва) генерација на човековите права и во неговите правно-филозофски објаснувања се смета како едно од основните права за уживање на други права во контекст на либералното демократско политичко уредување. Слободата на изразување се оправдува како најдобар метод или основа за доаѓање до вистината во филозофска и научна смисла. Од тие три основи на објаснување преку контекстот на индивидуализмот, либерализмот, човековите права и демократското политичко уредување, правото на слобода на изразување се анализира низ составните елементи преку кои се допира или преклопува со други права и посебно во контекст на културната различност, граничните линии со нетолеранцијата и говорот на омраза и неговата експанзија кај Интернетот. |
| 12 | Методи на учење | Предметната содржина ќе биде предавана низ современи методи за систематско и интегрално изучување на теоретските аспекти од специјализираната област. Материјата ќе биде продлабочено, критички и споредбено анализирана од студентите во интерактивен однос со нивните предавачи.<br><br>Во стекнувањето и утврдувањето на теоретското знаење студентите ќе работат во групи или индивидуално. Студентите непосредно ќе анализираат релевантни пресуди од Европскиот суд за човекови права во Стразбур, од каде ќе формулираат правни аргументи и ставови кои понатаму ќе бидат дискутирани и евалуирани.<br><br>Студентите ќе бидат активни и во истражувањето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на проблематиката од теоретски и практичен аспект. Своите сознанија ќе ги презентираат пред групата, и истите ќе бидат предмет на поширок дискусии. Ќе бидат поставени повисоки стандарди на истражувачката активност од кои се очекува постигнување на квалификувани сознанија и резултати, промислени и автентични на современиот интерес за материјата која се проучува. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување<br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест)(E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум)(D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет)(B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Литература | |
| | 22.1. | Задолжителна литература<br><br>- C. Edwin Baker, Human Liberty and Freedom of Speech, Oxford University Press, 1989;<br>- Deirdre Golash (ed.), Freedom of Expression in a Diverse World, Springer, 2010;<br>- Eric Barendt, Freedom of Speech, second edition, Oxford University Press, 2007;<br>- James Magee, Freedom of Expression, Greenwood Publishing Group, 2002;<br>- Larry Alexander, Is There a Right of Freedom of Expression, Cambridge University Press, 2009;<br>- Елена Михајлова, Говорот на омраза и културната различност, Темплум, Скопје, 2010<br>- Европска конвенција за човекови права (превод од Влада)<br>- Право на европската конвенција за човекови права (превод од Влада) |
| | 22.2. | Дополнителна литература<br><br>- Jim Murdoh, Freedom of thought, conscience and religion, Human Rights Handbook no 9, 2007;<br>- Raphael Cohen-Almagor, Speech, Media nad Ethics, The Limits of Free Expression, Palgrave, 2001; |

## 3. МЕЃУНАРОДНО АРБИТРАЖНО ПРАВО (4 КРЕДИТИ)

| **Прилог 3. Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Меѓународно арбитражно право** |
| 2 | Код | 50807 |
| 3. | Студиска програма | **Потпрограма за докторски студии по Меѓународно право** |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **УКИМ, Правен факултет "Јустинијан Први"** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус, изборен предмет** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 (четири)** |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Поликсена Гавроска, редовен професор во пензија**<br><br>**Проф. д-р Тони Дескоски, редовен професор** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Преку предметната програма меѓународно арбитражно право, студентите ќе се стекант со продлабочени теоретски сознанија за меѓународното арбитражно право и тоа како од историско правен, компаративен и позитивно правен аспект. По успешното завршување на предметната програма, студентите ќе бидат оспособени да се вклучат во пазарот на труд од областа на меѓународната трговска арбитража, кој пак се карактеризира со исклучително висока образовна компонента на чинителите на пазарот на трудот. Тоа се должи на фактот што во меѓународната трговска арбитража, споровите кои се решаваат помеѓу странките се спорови кои честопати имаат повеќемилионска вредност изразена во евра, но и потребата од специфични познавања со оглед на различните правни системи на кои припаѓаат странките на арбитражните спогодби. Предметната програма исто така несомнено ќе придонесе кон оспособување на нов, млад и високо-образуван кадар кој ќе може да се носи со предизвиците на меѓународната трговија, кадар кој успешно ќе драфтира арбитражни спогодби, но и ќе делува во насока на правен консултант на деловните субјекти. Знаењето со кои ќе се стекнат ќе им овозможи на студентите самите да определат меродавно право како за самата арбитражна постапка, така и за суштината на самиот спор. На тој начин, студентите ќе може да покажат способност за самостојна анализа на арбитражните спогодби и на разните арбитражни правила на арбитражните институции и по нивното вклучување на пазарот на трудот да им понудат на своите клиенти најдобри решенија во однос на избор на |

| | | |
|---|---|---|
| | | најсоодветна арбитражна институција и најсоодветни материјални правила за решавање на суштината на споровите. Покрај апликативни вештини, со оглед на академскиот степен на студиите, по успешно завршување на предметната програма, студентите ќе се здобијат со проширени теоретски знаења од областа на меѓународното арбитражно право и неговите доктрини (на пример: in favorem validatis, competence-competence, severability).Согласно високиот степен на студии на кои се предава предмтната програма меѓународно арбитражно право, посебен аспект ќе биде даден и на оспособување на студентите за самостојна истражувачка работа и пишување на академски трудови од областа на меѓународното арбитражно право. Кон тоа ќе придонесе и овозможувањето на учество на студентите на меѓународни конференции од областа на меѓународното арбитражно право. Студентите ќе можат самите да изработуваат научни трудови во кои ќе ги обработуваат принципите на меѓународното арбитражно право, но и доктрините кои се карактеристични за оваа научната дисциплина. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Меѓународната трговска арбитража претставува приватен механизам за решавање на споровите кои настануваат помеѓу учесниците во меѓународната трговија. По завршување на арбитражната постапка, странките добиваат арбитражна одлука која е конечна, обврзувачка и која благодрение на Конвенцијата за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки од 1958 година, може да се изврши во 149 држави во светот. Решавањето на споровите пред меѓународна трговска арбитража им влева доверба на субјектите на меѓународните трговски трансакции, дека во случај на појава на спор, независно тело, конституирано во согласност со арбитражната спогодба мериторно ќе го реши настанатиот спор. Во делот на меѓународната трговска арбитража, автономијата на волјата на странките наоѓа свој најширок израз и примена, со оглед на фактот што целокупната постапка (од конституирање на арбитражниот трибунал, определување на меродавно право за постапката, определување на меродавно право за суштината на спорот) е во рамките на границите кои ги поставуваат странките во нивната арбитражна спогодба. Исто така, субјектите на меѓународните трговски транскации, имаат и потполна слобода да определат дали решавањето на спорот ќе биде доверено на арбитражна институција или пак на ad hoc арбитража. Додека во земјите со европски континентален систем, меѓународната трговска арбитража својот подем и актуленост го должи на лицата |

| | | |
|---|---|---|
| | | кои припаѓаат на академската заедница, во земјите со англосаксонски правен систем истата се развила и популаризирала благодарејќи на практичарите кои покажувале интерес кон науката. Од сето ова произлегува дека предметната програма меѓународно арбитражно право е составена од повеќе компоненти кои традиционално се дел науката на меѓународното арбитражно право и во себе ги вклучува следните: вовед во науката за меѓународно арбитражно право; филозофија на меѓународното арбитражно право; разлики помеѓу арбитражата и останатите видови на алтернативно решавање на спорови; поимот на меѓународната трговска арбитража (карактеристиките, предностите и недостатоците на меѓународната трговска арбитража); правната природа на меѓународната трговска арбитража; извори на правото за меѓународна трговска арбитаржа (автономија на волјата на странките, институционалните арбитражни правила, националното арбитражно законодавство, меѓународните договори); видовите меѓународни трговски арбитражи (институционални и ad hoc); надлежноста на меѓународната трговска арбитажа (спогодба за меѓународна трговска арбитажа, видови на арбитражни спогоби, competence-competence); арбитрабилност; постапка пред меѓународна трговска арбитража (lex arbitri, арбитри, поведување на арбитражна постапка, конституирање на арбитражниот трибунал, меродавно право за суштината на спорот, тек на постапка, трошоци на постапка); решвање на инвестициони спорови; арбитражни одлуки; правни средства против арбитражна одлука (поништување на арбитражна одлука); признавање и извршување на странски арбитражни одлуки (поим на признавање и извршување на странски арбитражни одлуки, постапка за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки, услови за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки, признавање и извршување според Вашингтонската конвенција од 1961 година, признавање и извршување на арбитражни одлуки според Европската конвенција од 1961, признавање и извршување на арбитражни одлуки според Московската конвенција од 1972 година и признавање и извршување на арбитражни одлуки според Конвенцијата од Панама од 1975 година. |
| 12 | Методи на учење | Предметната програма по меѓународно арбитражно право во ќе се реализира преку интерактивни предавања, семинари, присуство на конференции во странство; посета на арбитражни институции и судови, консултации, анализа на случаи од меѓународното приватно право и студија на случај (mock case study). |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Методот на наставата треба да обезбеди активно вклучување на студентите во процесот на наставата и потикнување на нивното размислување. Студентите ќе добиваат конкретни задачи на кои ќе треба да работат и при тоа, од страна на предметниот професор ќе бидат упатувани на соодветната литература и прописи кои ќе треба да ги користат. Во текот на наставата, се очекува студентите самите да ги применуваат правилата на меѓународното арбитражно право врз дадени задачи. Посебно внимание ќе се посвети на оспособување на студентите аналитички да пристапуваат кон проблемите на меѓународното арбитражно право и нивно оспособување на научна работа и академско пишување на трудови од областа на меѓународното арбитражно право. | | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 (петнаесет) недели | | | |
| 14 | Распределба на расположивотовреме | 12 (дванаесет) недели настава + 3 (три) недели консултации со студенти | | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | | |
| | | 15.2 | Вежби, семинари, тимска работа | | |
| 16 | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | |
| | | 16.3. | Домашно учење | | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Тестови | | 100 поени | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | |
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | Под 50 бодови | 5 (пет) (F) |
| | | 51-60 бодови | 6 (шест) (E) |
| | | 61-70 бодови | 7 (седум) (D) |
| | | 71-80 бодови | 8 (осум) (C) |
| | | 81-90 бодови | 9 (девет) (B) |
| | | 91-100 бодови | 10 десет (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство и активност на предавање, посета на арбитражна институција, учество на конференција од областа на меѓународното арбитражно право и работа на симулација на случаи (mock case study) | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик / Англиски јазик | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација од страна на студентите и самоевалуација | |
| 22. | Литература | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 22.1. | | Задолжителна литература | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Тони Дескоски | Меѓународно арбитражно право (авторизирани предавања) | |
| | | 2. | Klaus P. Berger | Приватно решавање на спорови во меѓународниот бизнис | Просветно дело / 2009 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | Born, Gary B. | International Arbitration: Law and Practice | Kluwer Law International / 2012 |
| | | 4. | Redfer, Alan & Hunter Martin | Redfern and Hunter on International Arbitration | Oxford University Press / 2009 |
| | | 5. | Galliard, Emanuel; Goldman Berhold & Savage John | Fouchard, Galliard, Goldman on International Commercial Arbitration | Kluwer Law International / 1999 |
| | | 22.2. | | Дополнителна литература | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Sam Luttrell | Bias challenges in International Commercial Arbitration – The need for a real danger' test | Kluwer Law International / 2009 |
| | | 2. | Loukas A. Mistelis | Concise International Arbitration | Kluwer law International / 2010 |
| | | 3. | Franco Ferrari | Forum Shopping in the International Commercial Arbitration Context | Sellier / 2013 |
| | | 4. | Moses, Margaret L. | The Principles and Practice of International Commercial Arbitration | Cambridge University Press / 2008 |
| | | 5. | Tweeddale, Andrew & Tweeddale, Keren | Arbitration of Commercial Disputes, International and English Law and Practice | Oxford University Press / 2007 |
| | | 6. | Andrea M. Steingruber | Consent in International Arbitration | Oxford University Press / 2012 |
| | | 7. | Franco Ferrari<br>Stefan Kroll | Conflict of Laws in International Arbitration | Sellier / 2011 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 8. | Julian Lew, Loukas A. Mistelis, Stefan M. Kroll | Comparative International Arbitration | Kluwer International Law / 2003 |
| | | 9. | K. Bockstiegel, S. Kroll, Patricia Nacimiento | Arbitration in Germany: The Model Law in Practice | Kluwer Law International / 2008 |
| | | 10. | Mauro Rubino – Sammartano | International Arbitration, Law and Practice (2nd edition) | Kluwer International Law / 2001 |

## 4. МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ (4 КРЕДИТИ)

| **Прилог 3. Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Меѓународно приватно право на интелектуална сопственост** |
| 2 | Код | 50807 |
| 3. | Студиска програма | **Потпрограма за докторски студии по Меѓународно право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **УКИМ, Правен факултет "Јустинијан Први"** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус, изборен предмет** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 (четири)** |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Поликсена Гавроска, редовен професор во пензија**<br><br>**Проф. д-р Тони Дескоски, редовен професор** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Правото на интелектуалната сопственост, во последните години доживува вистински развој. Но, додека правото на интелектуалната сопственост ја регулира заштитата на индустриската сопственост и авторските и сродните права, надминувањето на односите кои настануваат по повод интелектуалната сопственост на границите на одделните држави, придонесе кон создавање на посебно меѓународно приватно право на интелектуалната сопственост. Токму, предметната |

| | | |
|---|---|---|
| | | програма меѓународно приватно право на интелектуална сопственост ќе им овозможи на студентите, за прв пат да се стекнат со знаења и вештини од специфичната област на судирот на законите и судирот на јурисдикциите кај интелектуалната сопственост. По успешно завршување на наставната програма, студентите ќе можат самите да определат кој суд ќе биде надлежен да ја даде потребната заштита на правата од интелектуална сопственост, како и кое право ќе биде меродавно за регулирање на правата од интелектуална сопственост. На тој начин, за прв пат во Република Македонија ќе се создаде исклучително високообразован кадар кој ќе може да даде одговор на предизвиците на современиот развој на правото на интелектуалната сопственост. Покрај можноста од вкучување на пазарот на труд во Република Македонија, по успешното завршување на студиската програма, секој од студентите ќе може да се вклучи и на пазарот на труд на Европската Унија, со оглед на прилагодеността на наставната програма со наставните програми на водечките универзитети од Европа. Предметната програма треба да обезбеди им на студентите сеопфатно запознавање со сите аспекти на меѓународното приватно право на интелектуалната сопственост и тоа како од историско-правен, така и од позитивно-правен и компаративен аспект. На тој начин, студентите, по успешното завршување на предметната програма ќе можат самите теоретски да ги анализираат институтите и доктрините на современото меѓународното приватно право на интелектуалната сопственост. Предметната програма ќе им овозможи на студентите да се стекнат и со академски знаења од областа на судирот на законите и судирот на јурисдикциите во делот на интелектуалната сопственост, а кои настануваат по повод заштитата и повредата на правата од интелектуална сопственост преку интернет. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Меѓународното приватно право на интелектуална сопственост, во суштина ја претставува новата фаза од развојот на меѓународното приватно право. Несомнениот развој на правата од интелектуалната сопственост и можноста од појава на повреда на истите преку Интернет несомнено ја наметнува потребата од регулирање на класичните прашања на меѓународно приватно право, но овој пат во современите трендови – на заштита на правата од интелектуалната сопственост. На тој начин, под интелектуална сопственост се подразбираат две групи на права – правото на индустриска сопственост и авторското и сродните права. Иако правата од интелектуална сопственост уживаат широка меѓународно правна заштита во рамките на |

| | | |
|---|---|---|
| | | Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO). Сепак, решавањето на судирот на законите и судирот на јурисдикциите останува во доменто на меѓународното приватно право. Можноста за појава на странски елемент кај правата од интелектуална сопственост е несомнено голема. Можноста за објавување на едно дело во странство, можноста за повреда на правата преку социјалните мрежи, заштитата на правата во различни држави, според различни системи само ја потврдува поредбата од создавање на специфична научна дисциплина која ќе се занимава со проучување на меѓународното приватно право на интелектуалната сопственост. Согласно тоа, предметната програма меѓународно приватно право на интелектуална сопственост е составена од повеќе компоненти. За секоја од компонентите предвидено е изучување од историски, компаративен и позитивноправен аспект. При тоа, следните компоненти ќе бидат предмет на изучување: вовед во меѓународното приватно право на интелектуалната сопственост; методологија на меѓународното приватно право на интелектуалната сопственост; меѓународна надлежност (видови на меѓународна надлежност; проблеми кај меѓународната надлежност); надлежност за различни видови на повреда на правата од интелектуална сопственост; надлежност кај договорите за лиценца; forum shopping во делот на интелектуалната сопственост; привремени мерки; меѓународна надлежност според правото на Европската Унија за права на интелектуална сопственост заштитени во Европската Унија; меѓународната надлежност на судовите и другите органи за права од интелектуална сопственост во меѓународното приватно право на Република Македонија; алтернативно решавање на споровите од правото на интелектуалната сопственост; меродавно право за правото на интелектуална сопственост (анализирање на Законот за меѓународно приватно право на Република Македонија, Регулативата Рим I, Регулативата Рим II); определување на меродавно право за повреда на права од интелектуална сопственост преку интернет; признавање и извршување на странски одлуки (компаративна анализа на Законот за меѓународно приватно право на Република Македонија и Регулативата Брисел I). |
| 12 | Методи на учење | Предметната програма по меѓународно приватно право интелектуална сопственост во ќе се реализира преку интерактивни предавања, семинари, присуство на конференции во странство; посета на WIPO центарот; посета на државни органи и судови, консултации, анализа на случаи од меѓународното приватно право на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | интелектуалната сопственост и студија на случај (mock case study). Методот на наставата треба да обезбеди активно вклучување на студентите во процесот на наставата и потикнување на нивното размислување. Студентите ќе добиваат конкретни задачи на кои ќе треба да работат и при тоа, од страна на предметниот професор ќе бидат упатувани на соодветната литература и прописи кои ќе треба да ги користат. Посебно внимание ќе се посвети на оспособување на студентите аналитички да пристапуваат кон проблемите на меѓународното приватно право на интелектуалната сопственост и нивно оспособување за научна работа и академско пишување на трудови од областа на меѓународното приватно право на интелектуалната сопственост. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 (петнесет) недели | | | |
| 14 | Распределба на расположивотовреме | 12 (дванаесет) недели настава + 3 (три) недели консултации со студенти | | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | | |
| | | 15.2 | Вежби, семинари, тимска работа | | |
| 16 | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | |
| | | 16.3. | Домашно учење | | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Тестови | | 100 поени | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | |
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | Под 50 бодови | 5 (пет) (F) |
| | | 51-60 бодови | 6 (шест) (E) |
| | | 61-70 бодови | 7 (седум) (D) |
| | | 71-80 бодови | 8 (осум) (C) |
| | | 81-90 бодови | 9 (девет) (B) |
| | | 91-100 бодови | 10 десет (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство и активност на предавање, посета на државни органи, судови, учество на конференција од областа на меѓународното приватно право на интелектуалната сопственост / право на интелектуалната сопственост и работа на симулација на случаи (mock case study) | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик / Англиски јазик | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација од страна на студентите и самоевалуација | |
| 22. | Литература | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 22.1. | | Задолжителна литература | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Тони Дескоски | Меѓународно приватно право на интелектуалната сопственост (авторизирани предавања) | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | Alexander I. Poltorak, Paul J. Lerner | Основи на лиценцирање интелектуална сопственост | Арс Ламина / 2012 |
| | | 3. | James J. Fawcett ,Paul Torremans | Intellectual Property and Private International Law | Oxford University Press / 2011 |
| | | 4. | Brigss Adrian | The Conflict of Laws, Third Edition | Oxford University Press / 2013 |
| | | 5. | Peter Stone | 6 EU Private International Law **Second Edition** | Edward Elgar Publishing / 2012 |
| | | 22.2. | | Дополнителна литература | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Frederick Abbott, Thomas Cottier, Francis Gurry | International Intellectual Property Integrated World Economy, 2nd Edition | Aspen Publishers / 2011 |
| | | 2. | Доминик Буро, Хорациа Муит Ват | Меѓународно приватно право, Втор том, Посебен дел | Арс Ламина / 2011 |
| | | 3. | Lookofsky Jospeh & Ketilbjorn Hertz | European Union Private International Law in Contract and Tort | JurisNet, LLC and DJOF Publishing / 2009 |
| | | 4. | Geert Van Calster | European Private International Law | Hart Publishing / 2013 |
| | | 5. | Michael Bogdan; Ulf Maunsbach | EU Private International Law: An ECJ Casebook | Europa Law Publishing / 2012 |
| | | 6. | James Michael | Litigation with a Foreign aspect, a practical guide | Oxford University Press / 2005 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 7. | Deborah E. Bou | Intellectual Property: The Law of Trademarks, Copyrights, Patents, and Trade Secrets | Cengage Learning / 2012 |
| | | 8. | Hector Macqueen | Contemporary Intellectual Property Law and Policy 2nd Revised edition | Oxford University Press / 2010 |
| | | 9. | J. G. Collier | Conflict of Laws | Cambridge University Press / 2001 |
| | | 10. | North P.M., Fawcet J.J. (editors) | Cheshire and North's Private International Law, 14th Edition | Oxford University Press / 2008 |

## 5. Право на внатрешен пазар на Европската унија (4 кредити)

| **Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Право на внатрешниот пазар на ЕУ** |
| 2. | Код | **50811** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии – Потпрограма за докторски студии по меѓународно право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за _меѓународно право и меѓународни односи_** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф.д-р Сашо Георгиевски/доц.-д-р Илина Ценевска** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Во рамките на предметот 'Право на внатрешниот пазар на Европската Унија' сеопфатно се изучуваат принципите и правилата на правото на Унијата (Европската заедница) околу внатрешниот пазар, особено, во контекст на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | релеватната судска практика на Европскиот суд на правдата (и на Првостепениот суд). По воведното запознавање со суштината на европската економска интеграција во контекст на внатрешниот пазар, предметот е главно фокусиран врз изучување на принципите и правилата околу четирите слободи на внатрешниот пазар, со базичен осврт и на правото на конкуренција и на другите релевантни сегменти на правото околу внатрешниот пазар. | | |
| 11 | Содржина на предметната програма | Основен предмет на обработка се правилата на Договорот за функционирање на ЕУ (со осврт на најновите измени со Лисабонскиот договор од 2007) околу четирите слободи, основните инструменти на секундарното законодавство и, особено, принципите на правото создадени низ практиката на Европскиот суд на правдата и на Првостепениот суд. Наставата е интерактивна и главно се засновува врз анализа на релевантни пресуди на обата европски судови, при што, студентот е активно вклучен во дискусија околу главните теоретски и практични проблеми поврзани со судската практика и во решавање на симулирани фактички ситуации околу зададени проблеми. Низ изучувањето на предметната проблематика, посебен акцент се става врз импликациите на правото внатрешниот пазар на Унијата врз правото на Република Македонија во рамките на процесот на пристапување на Македонија кон Е.У. | | |
| 12 | Методи на учење | Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително: power point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор и со асистентите. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест)(E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум)(D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет)(B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Литература | |
| | 22.1. | P. Craig and G. de Burca, *EU Law: Texts, Cases and Materials*, 4th ed., Oxford University Press, 2003;<br>C. Barnard, *The Substantive Law of the EU - The Four Freedoms*, 2nd ed., Oxford University Press, 2007; |
| | 22.2. | Дополнителна литература |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

## 6. ДИПЛОМАТСКО И КОНЗУЛАРНО ПРАВО (4 КРЕДИТИ)

| **Прилог 3.** | **Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Дипломатско и конзуларно право** |
| 2. | Код | **50817** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии – Потпрограма за докторски студии по меѓународно право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за меѓународно право и меѓународни односи** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар / Втор семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф.д-р Татјана Петрушевска** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Дипломатското и конзуларното право ги проучува односите на претставување во современата меѓународна заедница, правилата што нив ги регулираат на меѓудржавно ниво, меѓу државите и меѓународните организации и во меѓуорганизацискиот интеркурс, како и конзуларните односи и меѓународно-правните (обичајно-правни и договорни) правила што се однесуваат на организацијата и функционирањето на конзулатите и конзуларните служби како составен дел на дипломатијата и дипломатските служби. Се заедно во функција на најдобра заштита на интересите на државите и нивните граѓани, односно на меѓународните организации на меѓународната сцена. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Целта на предметот е совладување на основните институти на меѓународното дипломатско и конзуларно право преку покривање на сите аспекти на воспоставувањето, одржувањето и окончувањето (прекинувањето/ престанувањето) на дипломатските и конзуларните односи на билатерално и на мултилатерално ниво, во постојан (седентарен) и во привремен/повремен (ад хок) облик, односно инсталирањето, функционирањето и терминирањето на дипломатските, специјалните и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | конзуларните мисии (билатерала), т.е. мисиите на меѓународните организации и постојаните мисии кај меѓународните организации (мултилатерала). | | |
| 12 | Методи на учење | Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително: power point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор и со асистентите. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест)(E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум)(D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет)(B) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (А) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите | |
| 22. | Литература | | |
| | 22.1. | **Селектирани материјали од различни извори (проф. Т. Петрушевска)** | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | |
| | | | |

## 7. МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ (4 КРЕДИТИ)

| **1. Прилог 3.** | **Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** |
|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Меѓународни организации** |
| 2. | Код | **50835** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии – Потпрограма за докторски студии по меѓународно право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за _меѓународно право и меѓународни односи_** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар / Втор семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф.д-р Татјана Петрушевска** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Предметот меѓународни организации се занимава со проучување само на еден дел од меѓународното институционално право (меѓународните владини организации). Се состои од два дела- општ и посебен. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Општиот дел го проучува начинот на основање на организациите, нивната персонална и организациона структура, начинот на функционирање, начинот на донесување одлуки, начинот на финансирање, начинот на одржување дипломатски односи со субјектите од ист и од различен квалитет, статусот што го уживаат според меѓународното и правото на државата на чија територија имаат седиште итн., стапувањето во нивно членство и суспензијата и престанокот на членството во нив како и престанокот на постоењето на организациите како субјекти на меѓународното право. Посебниот дел преку овие општи прашања ги проучува одделните видови меѓународни организации - целината на универзалниот систем на ОН (ООН и специјализираните агенции) и одделните регионални механизми во Америка, Африка, Азија со главен фокус врз европските/евроатланските - Совет на Европа, НАТО, ЕУ и ОБСЕ. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Целта на предметот е совладување на клучните правни и процедурални институти поврзани со настанувањето, функционирањето и престанувањето на најзначајните/највлијателните/најмоќните меѓународни владини организации што во моментов на каков било начин влијаат врз тековите на меѓународната политика. Универзалните и европските организации ќе бидат проучувани, меѓудругото и низ призмата на пристапувањето на РМ кон нив (временската точка во која тоа беше сторено, начинот на пристапување во согласност или не со позитивното меѓународно право и правото на конкретната организација, одредницата/името под кое се случи тој факт, односно анализа на етапата во која во моментов се наоѓа РМ во однос на оние организации кон кои стреми, а сеуште не е нивна членка - ЕУ (ако условно ја третираме како организација и НАТО). Од студентите ќе се бара критички однос кон теоријата и практиката на меѓународното организирање и интегрирање, односно функционирање на секоја од постоечките меѓународни организации, со цел извлекување заклучоци за улогата на РМ до сега и можностите за нејзино подобрување/зголемување во иднина. |
| 12 | Методи на учење | Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително: power point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор и со асистентите.</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">15 недели</td></tr>
<tr><td>14</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="3">12 недели настава + 3 недели консултации со студенти</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теоретска настава</td><td></td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">16.</td><td rowspan="2">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td>Тестови</td><td colspan="2">100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит)</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Активност и учество</td><td colspan="2">бодови</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18</td><td rowspan="6">Критериуми за оценување<br>( бодови / оцена)</td><td colspan="2">под 60 бодови</td><td>5(пет) (F)</td></tr>
<tr><td colspan="2">60-67 бодови</td><td>6(шест)(E)</td></tr>
<tr><td colspan="2">68-75 бодови</td><td>7(седум)(D)</td></tr>
<tr><td colspan="2">76-83 бодови</td><td>8(осум) (C)</td></tr>
<tr><td colspan="2">84-91 бодови</td><td>9(девет)(B)</td></tr>
<tr><td colspan="2">92-100 бодови</td><td>10(десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td>Услов за потпис и полагање на завршен испит</td><td colspan="3">Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми</td></tr>
<tr><td>20.</td><td>Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="3">Македонски</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | евалуација од страна на студентите | |
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1. | **С. Георгиевски, Љ. Фрчковски и Т. Петрушевска, *Меѓународно јавно право*, Магор, 2012;** | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | |
| | | | | | |

## 8. Право на Европска унија за заштита на животната средина (4 кредити)

| **Прилог 3.** | | **Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Право на Европската унија за заштита на животната средина** |
| 2. | Код | **50811** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии – Потпрограма за докторски студии по меѓународно право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за _меѓународно право и меѓународни односи_** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф.д-р Сашо Георгиевски/доц.д-р Илина Ценевска** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Главната цел на предметната програма е да се разработат основните стандарди и принципи на функционирањето на политиката и правото на Европската унија за заштита на животната средина. Станува збор за област која на самиот почеток на Европската интеграција во педесеттите години од 20иот век бележеше сосема бавен и незначителен развој за да еволуира во една од побитните политики кои Унијата ги развива денес, како политика која по својот карактер е крајно динамична имајќи предвид дека нејзиниот опсег во последните две декади се’ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поинтензивно се проширува на нови подрачја. Посебен акцент е ставен на новитетите воведени со Лисабонскиот Договор од 2007 во однос на подрачјето на политиката на заштита на животната средина на Унијата, особено во делот на зајакнување на правните механизми кои им стојат на институциите на Унијата. | | |
| 11 | Содржина на предметната програма | По релевантниот преглед на правните извори на Унијата од областа на заштитата на животната средина (примарните и секундарните извори), како и судската практика на Судот на правдата на ЕУ во оваа област, предметната програма се фокусира на доменот на конкретна примена на овие правни правила во правниот поредок на државите-членки. Во овој дел се третира подрачјето на казнената политика на унијата во делот на заштитата на животната средина предводена од страна на Европската Комисија како институција која ја има надлежноста да ги повика на одговорност државите-членки поради непримена или неправилна примена на правото на ЕУ. | | |
| 12 | Методи на учење | Во одржувањето на наставата ќе се користат различни техники на работа, вклучително: power point презентации, индивидуални и групни излагања од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор и асистентите. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови | |
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | | 60-67 бодови | 6(шест)(E) |
| | | | 68-75 бодови | 7(седум)(D) |
| | | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | | 84-91 бодови | 9(девет)(B) |
| | | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | | евалуација од страна на студентите | |
| 22. | Литература | | | |
| | 22.1. | J. H. Jans and H. B. Vedder, *European environmental Law* (3rd edition), Europa Law Publishing, 2008;<br>M. Hedemann-Robinson, *Enforcement of European Union Environmental Law,* Routledge-Cavendish, 2014; | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | |
| | | | | |

**9. ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДОСНА ПОЛИТИКА (4 КРЕДИТИ)**

| **Прилог 3. Предметна програма од трет циклус на студии** | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Заедничка надворешна и безбедносна политика на Европската унија** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | | Код 50835 |
| 3. | Студиска програма | **Меѓународно право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **УКИМ, Правен факултет "Јустинијан Први"** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет** |
| 6. | Академска година / семестар | **1 семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф. Д-р Татјана Петрушевска**<br>**Доц. Д-р Јулија Брсакоска Базеркоска** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Предметот се занимава со анализа на односите на државите членки на ЕУ како актери во меѓународните односи. Структуиран е на начин кој дава приказ на надворешната политика на државите членки на ЕУ, како и нивниот интерес за формирање на Заедничка надворешна и безбедносна политика на Европската унија (ЗНБП на ЕУ). Преку историска ретроспектива на институционалното структуирање на ЗНБП на ЕУ од нејзините зачетоци до денес, предметот ги запознава студентите со предизвиците и придобивките од нејзиното постоење. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Предметната програма по предметот ЗНБП на ЕУ е составена од три основни делови:<br>- запознавање со надворешната политика на државите членки на Унијата и нивниот однос кон креирањето на ЗНБП на ЕУ, со особен осврт на Германија, Франција и Велика Британија;<br>- историски преглед на развојот на Европската политичка соработка и нејзиниот развој до ЗНБП како втор столб на Унијата;<br>- измените со Договорот од Лисабон и современите тенденции во развојот на ЗНБП на ЕУ; |
| 12 | Методи на учење | Предметната програма ќе се спроведува преку интерактивна настава која ќе вклучува дискусии за различни теоретски концепти, споредбена анализа, анализа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на случаи, работилници и дебати. Методот на настава треба да обезбеди активно вклучување на студентите како во предавањата, така и преку подготовка на презентации и есеи. Студентите ќе се упатуваат на изворите на литература која им е потребна за нивното истражување. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивотовреме | | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | | |
| | | 15.2 | Вежби, семинари, тимска работа | | |
| 16 | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | |
| | | 16.3. | Домашно учење | | |
| 17. | Начин на оценување: 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) | | | | |
| | 17.1. | Тестови | | | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | | | |
| | 17.3. | Активност и учество | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест)(E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум)(D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет)(B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство и активност на предавање и вежби | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација од страна на студентите и самоевалуација | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | |
| | 22.1. | | Задолжителна литература | |
| | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | 1. | Ian Bache and Stephen George | *Politics in the European Union* | Oxford University Press, New York, 2001 |
| | 2. | Hazel Smith | *European Union Foreign Policy - What it is and what it does* | Pluto press, London, 2002 |
| | 3. | Татјана Петрушевска | Вовед во правото на Европската унија | Скопје, 2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. | Пол Крег и Граин де Бурка | *Право на ЕУ* | Магор, 2010 |
| | 22.2. | | Дополнителна литература | |
| | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | 1. | Piet Eeckhout | *EU External Relations Law.* 2nd ed., | Oxford: Oxford University Press, 2011. |
| | 2. | Trevor Hartley | *European Union Law in a Global Context: Text, Cases and Materials* | Cambridge UK: Cambridge University Press, 2004 |
| | 3. | Panos Koutrakos | *EU International Relations Law* | Oxford: Hart Publishing, 2006 |
| | 4. | Marise Cremona and Bruno de Witte, eds. | *EU Foreign Relations Law: Constitutional Fundamentals* | Oxford: Hart Publishing, 2008 |
| | 5. | Alan Dashwoodand Marc Marsceau, eds. | *Law and Practice of EU External Relations: Salient features of a changing landscape* | Cambridge UK: Cambridge University Press, 2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 6. | Alan Dashwood and Christophe Hillion, eds. | *The General Law of EC External Relations*. | London: Sweet and Maxwell, 2000 |

**10.МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ (4 КРЕДИТИ)**

| **Прилог 3. Предметна програма од трет циклус на студии** | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Меѓународни политички односи** |
| 2. | Код 50815 | |
| 3. | Студиска програма | **Меѓународно право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **УКИМ, Правен факултет "Јустинијан Први"** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Доц. Д-р Јулија Брсакоска Базеркоска** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Предметот Меѓународни политички односи се занимава со анализа на односите помеѓу државите во современиот меѓународен систем. Го изучува поведението и односите на државите и на другите субјекти во меѓународната политика.<br>Во рамките на предметот ќе се изучува идејата за меѓународното општество, како и неговите историски манифестации. Појдовна точка во изучувањето е човекот, организиран во географски одделени политички единици, како и хоризонталните односи на конфликт и соработка кои произлегуваат од нивната заедничка егзистенција. И покрај тоа што овие односи различно се развиваат низ историјата до денес, сепак постои една многу важна заедничка карактеристика – |

| | | |
|---|---|---|
| | | а тоа се односите базирани на независноста на државите како политички ентитети. Предметот ќе ги изучува основните трансформации на меѓународните односи, почнувајќи од 1900 год., па се до денес.<br>Структуиран е на начин кој дава приказ на еволуцијата на мислата за меѓународните односи преку една историска ретроспектива на основниот однос помеѓу државите - војната и мирот.<br>На едно повисоко ниво ги разработува современите дебати во теоријата за меѓународни односи; дебатата помеѓу реалистите и институционалистите поткрепена со разработка на изворни текстови од делата на интелектуалните претходници и современите претставници на двете теории; како и преглед на останатите теории за меѓународни односи: англиска школа, конструктивизам, меѓународна политичка економија и алтернативните приоди кон меѓународните односи; и конечно разработка на прашањата поврзани со меѓународниот тероризам, заштита на животната средина, сувереноста, промените во државноста и новите безбедносни предизвици, родови прашања низ призмата на теориите за меѓународни односи. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Предметната програма по меѓународни политички односи е составена од следниве делови: вовед во развојот на меѓународните односи како академска дисциплина; современите дебати во теоријата за меѓународни односи; преглед на теориите за меѓународни односи: реализам, либерализам, англиска школа, конструктивизам, меѓународна политичка економија и алтернативните приоди кон меѓународните односи; еволуцијата на меѓународното општество; односот право и политика во меѓународното општество; облици на организација на моќта во меѓународното општество; разработка на прашањата поврзани со меѓународниот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | тероризам, заштита на животната средина, сувереноста, промените во државноста и новите безбедносни предизвици, родови прашања. | | |
| 12 | Методи на учење | | Предметната програма ќе се спроведува преку интерактивна настава која ќе вклучува дискусии за различни теоретски концепти, споредбена анализа, анализа на случаи, работилници и дебати. Методот на настава треба да обезбеди активно вклучување на студентите како во предавањата, така и преку подготовка на презентации и есеи. Студентите ќе се упатуваат на изворите на литература која им е потребна за нивното истражување. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивотовреме | | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | | |
| | | 15.2 | Вежби, семинари, тимска работа | | |
| 16 | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | |
| | | 16.3. | Домашно учење | | |
| 17. | Начин на оценување: 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) | | | | |
| | 17.1. | Тестови | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | |
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест)(E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум)(D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет)(B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство и активност на предавање и вежби |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација од страна на студентите и самоевалуација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22. | | Литература | | |
| | 22.1. | | Задолжителна литература | |
| | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | 1. | Џон Бејлис, Стив Смит, Патриша Овенс | *Глобализација на светската политика* | Табернакул, Скопје, 2009 |
| | 2. | Robert Jackson and Georg Sorensen | *Introduction to International relations: Theories and approaches* | Oxford university press, 2007 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3. | Кенет Н. Валц | *Теорија на меѓународната политика* | Магор, Скопје, 2008 |
| | 4. | Денко Малески | *Меѓународна политика* | Правен факултет, Скопје,2000 |
| | 5. | Martin Hollis and Steve Smith, | *Explaining and Understanding International Relations* | Clarendon, Oxford, 1990 |
| | 6. | Денко Малески | *Светот на Тукидит и на Макијавели* | Правен факултет, Скопје, 2001 |
| | 7. | Michael Joseph Smith | *Realist Thought from Weber to Kissinger* | Louisiana State University Press, Baton Roudge, 1986 |
| | 8. | Paul Viotti and Mark Kauppi | *International Relations Theory: Realism, Pluralism, Globalism* | Macmillan, New York, 1993 |
| | 9. | Пол Виоти и Марк Каупи | *Меѓународни односи и светска политика* | Академски печат, 2009 |
| | 22.2. | | Дополнителна литература | |

| Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
|---|---|---|---|


1. N. Machiavelli, *The Prince*, ed. Q. Skinner, Cambridge University Press, Cambridge, 1988;
2. Hedley Bull, *The Anarchical Society: A Study of Order in World Politics*, Macmillan, London, 1977;
3. Hans J. Morgentau, *Politics among Nations: The Struggle for Power and Peace*, Knopf, New York, 1978;
4. Kenneth N. Waltz, *Theory of International Politics*, Addison-Wesley Reading, 1979;
5. S. Hoffmann, *Janus and Minerva*, Colon Westview, Boudler, 1987;
6. M. J. Smith, *Liberalism and International Reform*, in T. Nardin and D. Mapel (eds.), Traditions of International Ethics, Cambridge University Press, Cambridge, 1992;
7. E. Luard, *Basic Texts in International Relations*, Macmillan, London,1992;
8. Burchill S. and Linklater A., *Theories of International Relations*, Macmillan, Basingstoke, 1996;
9. Doyle M., *Ways of War and Peace*, W.W.Norton, New York, 1997;
10. Halliday F., *Rethinking International Relations*, University of British Columbia Press, Vancouver, 1994;
11. Smith S., Booth K. and Zalewski M. (eds.), *International Relations Theory and Beyond*, Cambridge University Press, Cambridge, 1996;
12. Baldwin D. (ed.), *Neorealism and Neoliberalism: The Contemporary Debate*, Columbia University Press, New York, 1993;
13. Haas P., Keohane R. and Levy M. (eds.), *Institutions for the Earth*, MIT Press, Cambridge, 1993;
14. John Hobson, *The State and International Relations*, Cambridge University Press, Cambridge, 2000;
15. Richard Wyn Jones (ed.), *Critical Theory and World Politics*, Lynne Rienner, 2000.

## *5. 3. Изборен предмет од полето, областа и од потесната област на истражување (втор семестар):*

**1.МЕЃУНАРОДНО ПРАВО ЗА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ (4 КРЕДИТИ)**

| **Прилог 3.** | **Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии** | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Меѓународно право за правата на човекот** |
| 2. | Код | **50818** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за меѓународно право и меѓународни односи** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **втор семестар** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 кредити** |
| 8 | Наставник | **Проф.д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски**<br>**Доц. д-р Елена Михајлова Стратилати** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Предметот има за базична цел да ги опреми студентите со референтни знаења за основните институти и инструменти (договори и практика) од областа на МППЧ.<br><br>Предметот е поставен на начин на кој ги комбинира теоретските знаења и дефиниции на поимите со анализа на нивните формулации во меѓународните договори и обичај, сето тоа анализирано од аспект на судската практика и практиката на меѓународните трибунали.<br><br>Од ваквиот пристап очекувањето е:<br><br>-студентите да стекнат познавање на научната теоретска експликација на основните поими и инструменти со кои се служи меѓународното право за правата на човекот, како и нивната хронологија на развој и заснованост во |

| | | |
|---|---|---|
| | | политичката филозофија и јуриспруденција;<br><br>- увид во сите актуелни политички и правни расправи за одделни правни категории, особено односот: индивидуални и колективни права, право на културен идентитет, третманот на дискриминацијата и афирмативните акции;<br><br>- студентите да се стекнат со референтни знаења во областа, и да се оспособат самостојно да ги анализираат меѓународните инструменти за заштита на човековите права; случаите на кршење на човековите права; да се оспособат да пишуваат рапорти/извештаи за рано предупредување (warningreports); да можат како експерти да партиципираат во бројните невладини и владини организации во земјата и во странство за промоција и заштита на човековите права. |
| 11 | Содржина на предметната програма | За успешно следење на предметот Меѓународно право за правата на човекот (во натамошниот текст МППЧ) би било неопходно елементарно предзнаење од предметот Меѓународно јавно право, бидејќи е дел од тоа право, но и предзнаење за основите на уставното уредување, политичкиот систем и меѓународните односи. Истовремено, знаењето на овој предмет помага и во повратното разбирање на овие дисциплини, ова од аспект што познавањето на МППЧ станува едно од основите неопходни за снаоѓање во глобализираниот меѓународен правен поредок од една страна, и во разбирањето на внатрешниот демократски развој на транзиционите земји и на земјите со развиена демократија од друга страна. Периодот во кој ова меѓународно право се формира е претежно дваесетиот век, на основа на долга традиција на меѓународната конференциска дипломатија и практика.<br><br>Структурата на предметот е составена од воведен дел во кој главни теми се: карактеристиките на човековите права, нивната универзална и културолошка профилација, поделбата на човековите права по генерации, содржината и субјектот кој ги носи и секако, изворите на меѓународното право за човековите права.<br><br>Во вториот и третиот дел се процедурите пред |

| | | |
|---|---|---|
| | | меѓународните организации и судови во заштита на човековите права. Од разбирливи причини најголем дел е посветен на европските институции и процедури.<br><br>Конечно, во последните делови се анализирани малцинските и другите колективни права како и трендовите на развој на меѓународното право за правата на човекот. |
